## Доц. Д-р Весна Трпевска

**Факултет за медицински науки, дентална медицина, Универзитет „Гоце Делчев", Штип**

### ˝Дигитална оклузална анализа и терапија со оклузални сплинтови: кога, како и зошто? ˝

Третманот на оклузалните нарушувања и пореметувања на темпоромандибуларниот зглоб е предизвик како за докторот така и за самиот пациент. Дигиталната оклузална анализа со помош на Т-Скен системот е важна дијагностичка метода кај овие пациенти. Оклузалните сплинтови со својот дизајн и функција се сметаат за уметност во денталната медицина и прва линија во стратегијата и протоколот на третманот кај овие пациенти пред започнување на дефинитивниот третман. Откако ќе се постави соодветната дијагноза, овие неинвазивни тераписки методи обезбедуваат подобрување на квалитетот на животот на пациентите и ослободување од болката која нема дентогено потекло.